*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УПIБр. 18/24-348*
*19.08.2025*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2025 година со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета по** Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- На исток се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- На запад по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- На север по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев

- На југ ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации. Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 5,13ха. Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2025 (среда) до 9 октомври 2025 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 25 септември (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*ОПШТИНА ШТИП*
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*